КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ 23.11.2015 година, на седница одржана на ден 11.03.2016 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-234/2-3
14.03 2016 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

При продажба на недвижност, кога станува збор за имот кој е во сосопственост на повеќе носители на правото, евидентирано во јавна книга, согласно член 168 од Законот за извршување сосопствениците имаат право на првенствено купување , па во случај кога двајца или повеќе сосопственици ќе се пријават дека го купуваат имотот под услови кои ги понудил најповолниот понудувач, наддавањето ќе продолжи помеѓу овие лица кои изјавиле дека сакаат да го користат правото да ја купат недвижноста под истите услови кои ги дал најповолниот понудувач.

Извршителот е должен да му ја понуди недвижноста на лицето кое има право да се повика на правото на првенствено купување пред купувачот кој понудил најповолна цена без оглед дали ова лице наддавало при лицитацијата.

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Зоран Петрески

Бул. ,, Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com